НАШЕ СОНЦЕ

Ноември, 2008

Број 8

МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

# НАШЕ СОНЦЕ



**Верски празнувања: Рождество Христово - Божик, Велигден**

**Етно-фолк 2007**

**Прешерново оро 2008**

**Мајски денови 2008**

**Турнеја на фолклористите во Турција - Самсун 2008**

# Вовед

Почитувани,

Од печат излезе осмиот број на весникот „Наше сонце". Во весникот се опфатени сите поважни настани и активности на МКД „Св. Кирил и Методиј" од Крањ. Во овој број меѓу другите настани, ќе ги читате традиционалните Етно-фолк, Прешерново оро и 16. Мајски денови, посветени на браќата Кирил и Методиј. Во весникот ќе читате и за повеќе ликовни изложби, драмски претстави, литературни вечери и разни игранки. Од верските празнувања се опфатени најголемите христијански празници Божик и Велигден. Претставени се и впечатоци на членови на фолклорната секција, учесници на меѓународниот фестивал во Самсун - Турција.

Весникот во електронски облик ќе можете на го најдете на нашите интернетни страни:

www.mkd-kim.si и

www.mkc-kranj.si

Ви посакуваме пријатни моменти дружејќи се со весникот, а вашите критики, предлози и дописи се добредојдени.

Од уредниците

**Издавач на весникот:**

МКД „Св. Кирил и Методиј" Крањ

Адреса: Савска цеста бр.34, Крањ, Словенија

Весникот „НАШЕ СОНЦЕ" излегува еднаш годишно

Весникот е бесплатен. Тираж 250 примероци

**Автори на весникот:**

Миладин Младенов - Миле

Весна Алексова

Весна Кржовска

Даниел Атанасов

**Дизајн и техничко уредување:**

Игор Захариев

# МКД *Св. Кирил и Методиј* одбележа петнаесет години успешна работа

Македонското културно друштво *Св. Кирил и Методиј* од Крањ, минатата година одбележа 15 години од своето основање. По повод петнаесет годишниот јубилеј беше организирана свечена приредба со богата културно-уметничка програма. Присутните и приврзаниците до македонските корени и традиција, на дводневната прослава имаа можност да проследат неколку збиднувања од областа на музиката, уметноста и театарот. Одбележувањето на јубилејот започна на 23. ноември 2007 год. со настап на мешаниот пеачки хор *Походи ме нежно, не фушај надлежно* од Крањ. Пред љубителите на уметноста, со дела од својот богат уметнички репертоар се претстави академскиот сликар Змаго Пухар.

Посебно за овој настан од Македонија допатува аматерскиот театар *ЈАК Триумфа* од Битола. Актерите пред своите сонародници ја одиграа претставата *Чест* од Васил Иљоски, во режија на Александар Лозановски.

Дејството во претставата се случува во Охрид, во почетокот на втората половина на XIX век. Првиот и вториот чин се одвиваат еден ден попладне, третиот истиот ден вечерта, а четвртиот утредента во рана зора. Претстава која говори за честа на македонскиот народ, но и за тешката македонска печалбарска судбина, кога мажот оди далеку на печалба, дома остава млада жена со години да чека, тагува и пати. Претставата беше проследена со внимание од публиката.



На прославата по повод петнаесет години успешна работа на МКД *Св. Кирил и Методиј* беа доделени благодарници и признанија на луѓето и работните организации кои овие години наназад несебично помагаа и финансиски ја спонзорираа работата на друштвото. Првиот ден од прославата заврши со кулинарска вечер од македонски јадења, подготвени од вештите раце на македонската жена, која каде и да е, ги негува своите корени и ги пренесува на идните генерации.

Следниот ден на 24. ноември 2007 год. речиси целата програма имаше културен карактер. Свој настап имаа фолклорните секции на *Св. Кирил и Методиј* од Крањ и *Илинден* од Јесенице. На сцената настапи и мешаниот пеачки хор *Македонија* од Љубљана. На крај забавата заврши со македонски песни и ора, придружувани од дуото *Петрови* од Љубљана.

Сцена од претставата *Чест* од Васил Иљоски, во изведба на аматерскиот театар *ЈАК Триумфа* од Битола.

## Фолклорниот фестивал *Етно-фолк 2007* по девети пат во Крањ

Македонското културно друштво *Св. Кирил и Методиј* од Крањ на 3. и 4. ноември 2007 година, по девети пат го организираше фолклорниот фестивал на народни песни и ора на народностите од поранешна Југославија, кои живеат во Република Словенија.

Продолжувајќи ја традицијата за зачувување на изворниот фолклор на сцената во Македонскиот културен центар во Крањ, настапија четиринаесет претставници на фолклорот, меѓу кои, македонските фолклорни групи *Св. Кирил и Методиј, Илинден* од Јесенице и *Биљана* од Марибор.  Гости на деветиот *Етно-фолк* беа македонската фолклорна група и ансамбл *Љупчо Сантов* од Оризари – Кочани. Со својот настап уште еднаш потврдија дека се вистински амбасадори на фолклорот од Осоговскиот крај на Македонија.



Фолклорна група *Св. Кирил и Методиј* Крањ

Покрај многубројната публика, *Етно-фолк* го проследија градоначалникот на Крањ, Дамијан Перне, неговиот заменик Игор Велов, амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, Самоил Филиповски, секретарот на македонската амбасада Благоја Крстановски, претседателот на УО на складот за културни дејности на Република Словенија Звонко Гантар и други.

# ВЕРСКИ ПРАЗНУВАЊА
## Рождество Христово - Божик

Верата во Бога силно живее кај македонскиот народ, особено кај повозрасните верници кои подолго ја практикуваат, но во последно време и помладите генерации сè почесто ја прифаќаат. Таа е стожер на секое македонско православно семејство.

Празнувањето на големите христијански празници е традиција. Тоа се потврди и вечерта спроти Божик на 6. јануари 2008 год. кога Македонците што живеат и работат во Словенија се собраа во божјиот храм *Марија Роженвенска* во Крањ, да се помолат на Бога, да го прослават раѓањето на спасителот Исус Христос. Таа вечер во храмот божји се слеваше река од народ, Македонци од сите краеви на Словенија. Со цел големиот празник да биде одбележан со сите црковни церемонии, од Македонија допатува свештеникот Душан Продански.

Божик е најголемиот христијански празник, бидејќи на тој ден се празнува раѓањето на спасителот Исус Христос. Овој празник е наречен матица на повеќе празници, што значи да не се родил Исус Христос, немало да има ниту негово крштевање (Водици), ниту Распетие и Воскресение (Велигден), ниту Вознесение (Спасовден), истакна пред верниците свештеникот Продански.

На крајот од светата богослужба свештеникот ја прочита посланицата испратена од Архиепископот охридски и македонски, г.г. Стефан и членовите на Светиот архиерејски синод. Богослужбата со внимание ја проследи екипа од РТВ Словенија и разговараа со неколку верници за тоа што претставува и како македонските православни христијани го слават Божик. Кратка репортажа беше прикажана на 8. јануари 2008 год. на првиот канал на националната телевизија, во емисијата *Верска обзорја*.

Верниците откако зедоа света вода и бадниково гранче го напуштија храмот и се упатија во своите домови на традиционална бадникова вечера. Основно одбележје на божикните празници е токму богатата, пред сè посна бадникова вечера, кога се собира целото семејство и се крши бадниковото лебче со паричка.



Прославата за Божик продолжи на 7. јануари со утринска богослужба. Насекаде се слушаше верскиот поздрав *Христос се роди – Навистина се роди*.

Присуството на свештеникот македонските верници го искористија за задоволување на останатите верски потреби, како што се крштевки, осветување на станови и куќи итн.

## Православна нова година *Василица 2008*

Дочекот на Православната нова година, како и предходните неколку, беше организиран во Македонскиот Културен Центар *Св. Кирил и Методиј* од Крањ, на ден 12. јануари 2008 година, со почеток во 19 часот. За весело расположение на присутните се погрижија членовите на ансамблот *Џобе* од Делчево, за „гладните и жедните“ се погрижија куварките на *Реина,* а беше реализирана и веќе традиционалната новогодишна лотарија.



Василица 2008

## Игранка со етно-ансамблот *Мајовци*

Етно ансамблот *Мајовци* од Дебар, на 18. јануари 2008 година ни се претстави со изворна музика од Мијачкиот крај. Со два тапана и две зурли ги кренаа на нозе присутните, и старо и младо и тие што играа добро и тие што за да пресрамат најпрвин мораа да се „загреат“ на шанкот. Иако настапија без озвучување, имавме впечаток дека се тресат ѕидовите од силното наизменично ритмично чукање на тапаните. Покрај нивниот репертоар, свиреа ора и од другите краеви на Македонија. Игранката траеше до полноќ.

Рано наутро наредниот ден заминаа за Рим, каде што беа поканети на етно-фестивал.

## ВЕРСКИ ПРАЗНУВАЊА
### Велигден – празник над празниците

Христијанските верници на 27. април 2008 год. го прославија големиот верски празник *Велигден*, денот кога господ Исус Христос со своето воскресение и вознесување во небесата, на верниците им вдахнал надеж во животот по смртта.

Со биење на камбаните со радосниот восклик *Христос воскресе* и со отпоздравувањето *Вистина воскресе*, христијаните секаде во светот се потсетија на големата жртва на Исус, кој пострадал на крст и ги презел сите гревови на човештвото.

Празнувањата на големиот христијански празник, Христовото воскресение – Велигден, Македонците кои живеат во Словенија го започнаа во сабота навечер (26.4.2008) во божјиот храм *Марија Роженвенска* во Крањ, а светата божествена литургија ја водеше свештеникот Душан Продански. Стотици македонски христијани ја проследија Воскресенската прослава и богослужба. Свештеникот Продански го прочита воскресенското евангелие, а со палење свеќи, кршење јајца, поздравувајќи се со *Христос воскресе* и отпоздравувајќи се со *Вистина воскресе*, точно на полноќ верниците симболично го означија Христовото воскресение. Потоа свештеникот Продански ја прочита *посланицата* на Светиот архиерејски синод на МПЦ.

Прославата продолжи следниот ден, во недела (27.4.2008), со одржување на света утринска божествена литургија, по која верниците кои за дочек на празникот Велигден се подготвуваа со велигденски пост кој трае 7 седмици, пристапија кон причест, со цел соединување со телото Христово.



Традиционален велигденски пикник

Велигденската прослава и богослужба беа проследени од стотици македонски христијани. Прославата ја продолжија со традиционалниот велигденски пикник.

## Со ликовна изложба и концерт одбележан проектот *Прешерново оро 2008*

Традиционалниот проект *Прешерново оро 2008,* годинава беше одбележан со ликовна изложба на сликарката Ева Пухар и со концерт на Крањскиот квинтет.

Ева Пухар е родена 1978 год. во Крањ. По завршувањето гимназија своето образование го продолжува на Педагошката академија во Љубљана, отсек ликовна педагогија.

Досега своите дела ги има промовирано на неколку самостојни изложби. Ликовните критичари за нејзините дела ќе речат дека ликовните изработки на младата крањчанка, од уметничкото семејство Пухар, не разнежнуваат со убавите бои, избраните мотиви и пријатниот и личен пристап. Уметничките дела на Ева Пухар се наменети како за младата, така и за повозрасните генерации.

Во рамките на културната програма, концерт одржа Крањскиот квинтет. Крањскиот квинтет е културно друштво кое на музичката сцена успешно опстојува речиси 15 години. Имаат издадено две ЦД-иња со




Литературна вечер со студентите по македонистика на Филозофскиот факултет во Љубљана

наслови *Вечерен ѕвон* и *Дома*. На својот репертоар имаат околу 300 песни со различна тематика.

Во рамките на традиционалниот проект *Прешерново оро 2008* се одржа и литературна вечер со студентите по македонистика на Филозофскиот факултет во Љубљана, на тема *Во лавиринтот на македонската фантастична проза*.

Програмата ја претстави доцент д-р Намита Субијото, а студентите прочитаа неколку текста на тема *Македонските народни наследства за вампирите*. Имено Сара Немц, Ангелика Ергавер и Ивана Ангелова интерпретираа пет кратки текста од кои три во словенечки превод, два македонски оригинали.

## Со ликовни, културни и спортски активности се славеа *Мајските денови*, посветени на сесловенските просветители

Традиционалните Мајски денови на македонската култура, посветени на сесловенските просветители, браќата Св. Кирил и Методиј, во организација на истоименото МКД од Крањ, годинава беа организирани во периодот од 23. до 31. мај.

Со отворањето на ликовната изложба од академската сликарка Бригита Пожегар Мулер започна чествувањето на сесловенските просветители. Вечерта беше збогатена со културна програма и со кулинарна вечер.

Активностите по повод традиционалните *Мајски денови* продолжија и следниот ден со квиз натпревар, на кој учество зедоа учениците од дополнителната настава по македонски јазик. На тема *Македонската историја и географија* се натпреваруваа четири екипи, а најбрзи и најдобри беа учениците од Нова Горица.

Присутните, меѓу кои и амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, господинот Самоил Филиповски беа почестени и со културна програма, која ја подготвија учениците од драмската секција на МКД *Св. Кирил и Методиј*.


Бригита Пожегар Мулер

На 25. мај на ракометното игралиште во ОУ Стражишче се одржа турнир во мал фудбал на кој учество зедоа осум екипи. Во фер плеј игра, првото место го освои екипата на МКД *Македонија* од Љубљана, второто и припадна на екипата на МКД *Охридски бисери* од Нова Горица, а третото на екипата од Железники.

Во организација на Вид Газвода и Станко Атанасов на 27. мај се одржа шаховски турнир на кој учествуваа 43 шахисти со висок рејтинг. Првите 3 места ги освоија Душан Зорко, Бране Дежелак и Ристо Цветков.

Драмската претстава *Како да ја убијам жена ми и зошто*, што во рамките на традиционалните *Мајски денови* ја организираше МКД *Св. Кирил и Методиј*, ја изнасмеа публиката. Професионалните актери од народниот театар од Скопје, Катерина Коцевска и Ѓокица Лукаревски одиграа една незаборавна комедија со комична содржина, која освои громогласен аплауз од присутната публика.

Манифестацијата *Мајски денови* заврши на 31. мај со фолклорна вечер, на која настапија фолклорните секции на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ, МКД *Илинден* од Јесенице, МКД *Билјана* од Марибор и КД *Млади Свет* од Крањ. За нивните напори за зачувување на македонската фолклорна ризница, секретарот на македонската амбасада во Република Словенија, господинот Благоја Крстановски им додели благодарници.

Дружењето продолжи до доцна во ноќта, а за весело расположение на присутните се погрижи музичката група *Енигма*.



Драмска претстава *Како да ја убијам жена ми и зошто*
Ѓокица Лукаревски и Катерина Коцевска

## *Мајски денови*: Турнир во мал фудбал

И оваа година на 25. мај на ракометното игралиште во Стражишче го организиравме традиционалниот турнир во мал фудбал на кој беа присутни спортски и културни друштва од цела Словенија. Учество зедоа

следните екипи:

- МКД Св. Кирил и Методиј - Крањ (организатор)
- МКД Илинден - Јесенице
- МШД Железники - Железники
- ЦКПШД Морача - Крањ
- МКД Македонија - Љубљана
- МКД Охридски бисери - Нова Горица
- КУД Млади свет - Крањ
- СКД Брдо - Крањ

Турнирот започна некоја минута по 9 часот. Во договор со капитените на екипите направивме групи за какви мислевме дека ќе допринесат за следење поинтересни натпревари. Во групата Б носител беше екипата на домаќинот, а во групата А носител беше екипата на ланскиот победник, МКД Охридски бисери од Нова Горица. Групите беа изедначени по квалитет.







Финалистите на 16. мајски турнир во мал фудбал

| А | Б |
|---|---|
| СКД Брдо | МШД Железники |
| ЦКПШД Морача | КУД Млади свет |
| МКД Охридски бисери | МКД Св. Кирил и Методиј |
| МКД Илинден | МКД Македонија |

Целта на турнирот е дружење и забава, па затоа сите се грижевме за фер плеј игра и спортска борба. Почетниот удар беше изведен и првите голови постигнати. Навивачите имаше што да видат, а беа постигнати следните резултати:

| Гр. | Екипа 1 | Резултат | Екипа 2 |
|---|---|---|---|
| Б | МКД Св. Кирил и Методиј | 4:1 | КУД Млади свет |
| А | МКД Илинден | 1:2 | ЦКПШД Морача |
| Б | МКД Македонија | 1:1 | МШД Железники |
| А | МКД Охридски бисери | 2:1 | СКД Брдо |
| Б | МШД Железники | 1:2 | КУД Млади свет |
| А | СКД Брдо | 1:1 | ЦКПШД Морача |
| Б | МКД Македонија | 4:1 | МКД Св. Кирил и Методиј |
| А | МКД Охридски бисери | 3:0 | МКД Илинден |
| Б | МКД Св. Кирил и Методиј | 1:4 | МШД Железники |
| А | МКД Илинден | 0:3 | СКД Брдо |
| Б | КУД Млади свет | 0:4 | МКД Македонија |
| А | ЦКПШД Морача | 0:1 | МКД Охридски бисери |



Екипата на МКД Св. Кирил и Методиј

Може да се види дека најдобри резултати постигнаа екипите на МКД Македонија од Љубљана и МКД Охридски бисери од Нова Горица. Вторите места во своите групи ги освоија екипите СКД Брдо од Крањ и МШД Железники од Железники.

| За место | Екипа 1 | Резултат | Екипа 2 |
|---|---|---|---|
| 3.место | СКД Брдо | 0:2 | МШД Железники |
| Финале | МКД Македонија | 5:3 | МКД Охридски бисери |

Поради полуфиналните победи на екипите МКД Охридски бисери и МКД Македонија, присуствувавме на македонско финале. Финалниот натпревар беше и најдобриот, проследен со 8 голови. Оваа година најдобар квалитет покажа екипата од Љубљана и заслужено го освои првото место на турнирот.

| Конечен редослед на екипите (1. до 4. место) | |
|---|---|
| 1. место | МКД Македонија - Љубљана |
| 2. место | МКД Охридски бисери - Нова Горица |
| 3. место | МШД Железники - Железники |
| 4. место | СКД Брдо - Крањ |

За организацијата и за изведбата на натпреварувачкиот дел на турнирот се погриживме Весна Кржовска, Венцо Зашев и Даниел Атанасов.

Благодарност до управниот одбор на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ, до сите фудбалери и до симпатичната публика. Се гледаме следната година, на 17. МАЈСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ!

## Академскиот сликар Карел Кухар со самостојна изложба во МКЦ во Крањ

На ликовните паноа во Македонскиот културен центар на 22. април 2008 година беа поставени неколку ликовни дела од академскиот сликар Карел Кухар. Роден е во Долна Бесница во 1952 година. Досега своите дела ги има претставено на околу триесетина самостојни изложби, а за својот труд е наградуван во Словенија и во странство. Има добиено дваесетина награди. При работата, уметникот Карел Кухар експериментира со цел да создаде уникатен уметнички производ.

Организаторот, МКД *Св. Кирил и Методиј* се потруди вечерта да биде збогатена со културна програма. На сцената се претставија пејачите на народни песни *Крањски фурмани*. Оваа музичка група веќе 15 години препеваат словенечки народни песни, пред сè подзаборавени горењски песни со љубовна, војничка и верска тематика.

## Уметничките дела на Бештер и музиката на гитаристите Божич и Рванкуба ја воодушевија публиката

Во рамките на програмските активности на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ, во јуни се одржа ликовна изложба на сликарот Франц Бештер, кој пред љубителите на уметноста претстави дел од својот богат уметнички опус. Ликовните критичари за делата на Бештер ќе речат: *Негова стратегија е со своите дела да ги шокира и изненади гледачите, но и да им ги врати спомените од старите мајстори.* Измислениот свет во кој авторот создава и живее, за повеќето е надреалистично претставен свет, на кој сите му припаѓаме, односно со него духовно и материјално соработуваме.

Ликовниот уметник Франц Бештер досега има организирано околу педесет самостојни изложби, но покрај со сликање се занимава и со пишување. Има издадено две книги.


Анже Божич и Елви Рванкуба

Културната програма ја збогатија гитаристите Елви Рванкуба и Анже Божич. Рванкуба многупати досега го има понесено приматот државен првак и се има закитено со највисоки признанија. Елви Рванкуба самиот вели дека гитарата е негова вечна сопатничка, која му дава енергија, а со шпанскиот ритам најчесто и со најголемо задоволство се претставува пред широкиот аудиториум.

## Седмо редовно изборно собрание на Сојузот на МКД во Република Словенија

Седмото редовно изборно собрание на Сојузот на МКД во Словенија се одржа во просториите на Македонскиот културен центар во Крањ, на 27.01.2008 година, со почеток во 10:30 часот.

По извештајот на претседателот на Сојузот Марко Матоски за досегашната работа, едногласно му беше „доверен“ уште еден мандат. Извештаи поднесоа и др. Илија Димитриевски, поранешен претседател на Сојузот на сојузите на КД во Словенија, за активностите за уставното признавање на малцинствата на народите на поранешната држава Југославија и Зекирија Шаиновски, за одвивањето на дополнителната настава по македонски јазик во Словенија.

Посебно внимание и беше посветено на програмската насоченост и проектите за 2008 година.

## Деветто редовно изборно собрание на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ

На 22.6.2008 година во МКЦ *Св. Кирил и Методиј* во Крањ, беше одржано деветтото редовно изборно собрание на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ. Исцрпен извештај за досегашната работа и реализираните проекти поднесе претседателот др. Илија Димитриевски. За финансиската состојба не извести благајничарката Весна Кржовска, која беше пофалена од страна на „надзорниот одбор“ за доброто водење на благајната. По дискусијата во врска со извештаите и разрешувањето на управниот одбор и другите управни органи беа избрани нови органи. На претседателот др. Илија Димитриевски му беше доверен уште еден двегодишен мандат, за потпретседател беше избран Миладин Младенов-Миле, благајник Весна Кржовска, секретар Даниел Атанасов. Новиот управен одбор го сочинуваат: др.Илија Димитриевски, Атанас Продански, Даниел Атанасов, Весна Кржовска, Пане Кржовски, Анче Николовски, Игор Захариев, Венцо Зашев, Миладин Младенов-Миле, Блага Крстева, Стојче Стојанов, Крсто Тасев и Јагода Боболинска. Во „надзорниот одбор“ беа избрани Боро Цеков, Добре Арсовски и Методија Јосифовски. Во „судот на честа“ влегоа Ефтим Зашев, Димитриј Илиевски и Геро Стаменковски, а за заменици членови беа избрани Гордана Николовска и Душан Симоновски.

## Турнеја на фолклористите во Турција - *Самсун 2008*

*Христијан Стаменковски:*

**Како на кратко би ја опишал турнејата во Турција?**

**Патување 51 час. Напорно?**

Многумина би рекле да, но еве јас ќе ви опишам како си поминавме за 51 час, па вие пресудете сами.

Тргнавме од Крањ во 19 часот, се поздравивме со своите најблиски на главната железничка станица во Крањ и тргнавме во потрага по нови искуства и пријатели. Во Љубљана го заменивме возот и сѐ се одвиваше по планот со исклучоци на некои проблеми со кои се соочивме во тие изминати 2 часа од вкупните 51. Бевме во 5 купеа, барем така мислам, во секое купе бевме по 5 или 6 луѓе. За повеќето од нас тоа беше прво возење во воз, но со сигурност можам да кажам дека за сите беше првпат да преживеат скоро 2 дена во воз. Во возот се забавувавме, преку ноќта некои спиеја, а некои си претставувавме како ќе биде на турнејата. Некако стигнавме, се слушна големо „УФ“ од сите нас, но траеше многу кратко затоа што набрзо дознавме дека имаме уште 12 часа со автобус да стигнеме до целта. Се сместивме некако и во автобусот. Не, не бевме сами ☺. На наша голема среќа со тој автубус одеше и групата од Египет. Претежно беа женски што најмногу не мотивираше ☺, барем некои од нас. Првите 2 часа бевме воздржани, но нам тоа не ни оди, почнавме да разговараме со нашите колеги или поточно колешки од Египет за тоа како тоа да одат во Турција. Потоа игравме разно разни игри и малку спиевме. Одеднаш сите извикавме „КОНЕЧНО СТИГНАВМЕ“!






**Како си поминавме таму?**

Ќе пробам да бидам краток. Па како и што се знае Турците се еден многу гостопримлив народ. Како што беше редот се расподеливме по собите и отидовме да спиеме, да се одмориме од напорниот пат. Наследниот ден ја запознавме и нашата водачка која имаше за задача да се грижи за нас и нашите настапи, се викаше Неше Текин. Набрзо запознавме и многу другари од многу земји, ќе ви ги набројам само тие со кои што се дружевме најмногу: АФ Плетенка Македонија, Св. Сава Србија, Завед Бугарија, Унгарија, Романија, Чешка, Египет и уште многу, многу да бидам поточен, не имаше од 17 различни држави и култури.

Почнаа настапите, ни тргна добро, потоа се појавија и некои проблеми за кои сега нема да зборуваме, можеме да кажеме само дека господ беше со нас и сѐ беше добро. Одевме на плажа каде што најмногу се забавувавме и се чувствувавме како прави туристи. Дојде време за натпреварување, кое и не беше толку битно, се паднавме во тешка група со Египет, Бугарија, Чешка, Романија, Сиера Леоне, Грузија и мислам дека имаше уште некои, но сега не можам да се сетам. Се подготвувавме и се претставивме со сплетот „Источна Македонија“, но за жал не успеавме да се пласираме во финалното натпреварување. Нам најважно ни беше тоа што запознавме нови пријатели од различни земји и оствАривме контакти со нив така да можеме да соработуваме меѓусебно. Да, морам да напоменам дека поединци имавме „мали“ проблеми со англискиот јазик, но тоа не беше ниту најмала пречка да си поминеме прекрасно. И како одеднаш да дојде ред и на „Good bye party“ на што и не бевме многу расположени, што мораме да го напуштиме големото семејство

наречено „**International Samsun Folk Dance Festival**“. Заврши тоа, се враќавме назад со групата од Литванија. Стигнавме во Истамбул, каде што имавме на план да се прошетаме малку, така и направивме, се разделивме во две групи, едни чекавме и го чувавме багажот на главната железничка станица во Истамбул, потоа пак обратно. Си купивме по некој сувенир за сеќавање на добрите моменти од Турција и се упативме на уште еден долг пат назад за Словенија. Морам да кажам дека турнејата ја искористивме максимално и дека тоа е едно многу големо искуство за сите нас.

А можеби и ќе се запрашате кој сѐ беше таму? Еве го списокот на целиот „екипаж“: Атанас Продански, Душан Симоновски, Грозданчо Беќарски, Венцо Зашев, Даниел Атанасов, Весна Кржовска, Јовица Антов, Сузана Ристовска, Даниел и Драгана Ефремови, Ивица Боболински, Катерина Герасимова, Тина Савиќ, Нина Грашоч, Оливер Илиев, Даниел Јакубчевски, Блага Крстева, Сандра Симоновска, Бобан Поповски, Мартин Костов, Даниел Димитров, Христијан Стаменковски.





*Даниел Атанасов:*

**Мој впечаток**

Како си поминавме на турнејата? Па добро ... да не се фалиме премногу. Јас си поминав релативно добро, а како секогаш најмногу ги паметам најубавите моменти, а тие беа: дружењето и пеењето со „BALCAN TEAM UNITED“ (Македонци, Бугари, Срби и ние „Словенците“), трчање околу автобус во 3 часот по полноќ, стриптиз на талентирани машки личности од нашата група, роденденска журка на Даниел Димитров и Сузана Ристовска, каде хит беше песната „Зајко Кокурајко“, кршење јазик во комуникацијата на англиски (До нот чачкај! = Не дирај!), победа на фудбалски натпревар на песок против Турците со резултат 8:4, екскурзија и шопинг во Истанбул и смртно опасно танцување со Египјанките кога баба Фатима не беше во близина.

Запознавме многу личности, а посебно ќе се сеќаваме на египетската група и на баба Фатима која на крајот ми рече: „Со вас најубаво си го поминавме фестивалот. Кога ќе имате услови, ќе се видеме во Египет“. Па да, воопшто не беше лошо ...



## Богородичен пикник 2008

Успението на Пресвета Богородица (Голема Богородица), мајката на спасителот Исус Христос, православните христијани го славиме на 28. август. Тоа е еден од поголемите христијански празници. Македонците од Словенија го одбележавме на 31. август, со традиционалниот Богородичен пикник на пикник плацот во Страхињ, близу Крањ.

Организирана беше лотарија, каде беше доделен ЛЦД телевизор како главна награда. Оливер и Димитриј Илиевски се погрижија за музиката, а да нема „гладни и жедни“ се погрижи екипата од ресторанот „Кај тетка“.



За одржување ред на пикник плацот се грижеше група на редари.

## Прослава на денот на самостојноста на Македонија, 8. септември меѓу Македонците во Словенија

Денот на самостојноста на Македонија, Македонците во Словенија го

одбележавме со културна приредба во организација на МКД *Билјана* од Марибор. Освен претставници од речиси сите македонски културни друштва во Словенија, присутни беа и претседателот на сојузот на МКД Марко Матоски и секретарот на македонската амбасада Благоја Крстановски.



## Животна приказна

(Животот е еден дел од долгата и недостижна вечност и затоа треба да го искористиме максимално, да го живееме онака како што сакаме, а не како што мораме и како што ни налагаат.)

Многу пати размислував како би се чувствувала кога би отишла да живеам во друга држава. Како би ја прифатила нивната култура.

Еден ден неочекувано се појави можност за мене и моето семејство, која можеше многу да ни значи.

Конечно дојде време кога требаше да ја напуштам својата преубава татковина Македонија и да дојдам овде во еден нов свет. Беше многу тешко затоа што тргнував да одам далеку од местото каде што четиринаесет години учев, се радував, се забавував. Во тој момент на нашите лица се појавија неколку солзи.

Дојдовме овде во една поинаква држава од нашата. На почетокот беше сѐ ново и малку чудно. Јазикот не го разбирав, луѓето живееја на друг начин. Кога тргнав на училиште ми беше најтешко. Но со текот на времето овде запознав многу Македонци истовредни со мене, со кои се чуствував како повторно да сум во нашата Македонија.

Моите впечатоци за новата држава Словенија во која живеам три години се многу позитивни. Сега кога го знам словенечкиот јазик и кога се навикнав на новата култура сум многу среќна што живеам во оваа прекрасна држава.

Сега се радувам што имам многу можности за удобен живот и се надевам дека ќе продолжам да живеам овде каде што одлично се чувствувам.

Кога се присетувам на убавините, на школските денови и сите забави со пријателите во Македонија ми е многу тешко, но сето тоа ќе биде надоместено со нови спомени во новата држава, а на Македонија ќе продолжам да се сеќавам со љубов која е вечна.

# Св. Кирил и Методиј

Кирил и Методиј се основоположници на словенската писменост и култура. За животот и дејноста на словенските просветители најголем број податоци добиваме од делата Панонски легенди, Климентовото житие од Теофилакт, Климентовото житие од Хоматијан, О'писменех од Црноризец Храбар и др.

Константин кој подоцна се замонашува и го добива името Кирил е роден 826 или 827 година. Уште како мал пројавил наклонетост кон науката. Своето образование го стекнал во Цариград, во прочуената Магнаурска школа. По завршувањето на школувањето ја прима должноста на учител по филозофија и бидејќи многу се истакнувал додека ја вршел оваа должност ќе го добие епитетот Филозоф, кој ќе стане неразделен дел од неговото име.

Како високо образована и талентирана личност на Кирил ќе му бидат доделувани многу тешки и одговорни задачи од страна на византискиот двор. Најпрвин бил испратен во мисија кај Сараценитe (Арапите) во Багдад, која како и Хазарската и Моравската мисија претставувале дел од политичката програма на Византија, чија основна цел е да ги христијанизира Сараценитe, Хазарите, Моравските Словени, Бугарите, Русите и другите народи на исток и север од Византија и да им ја наметне византиската црковна власт.

Кирил и Методиј, познати како солунските браќа просветители, имаат голема улога во македонската и општо во словенската историја. Нивното дело ги описмени словенските народи.

Во почетокот на IX век веќе била подготвена солидна основа за поширока и поорганизирана мисионерска активност во Македонија. Во тоа време Византиската Империја доживува нов расцут на културен план, па овој бран ги заплиснува и



градовите што биле оддалечени од Цариград, посебно Солун. Во првите децении на IX век во Солун живее и семејството на висок службеник на царската власт, помошник на византискиот стратег на Солун и солунската област. Тоа бил Лав со својата сопруга Марија. Нивната народност е нејасна. Семејството имало повеќе деца, но се спомнуваат само имињата на најстариот - Методиј и најмалиот - Константин. Дури не се споменува и световното име на Методиј, кој ова го добил при замонашувањето.

Побожните родители ги упатиле своите рожби уште од најраното детство во христијанството, трудејќи се да им помогнат да ги применуваат возвишените христијански вистини во својот живот. Константин уште од својата младост се занимавал со списите на свети Григориј Назијанзин и на Дионисиј Аеропагитски. Татко му го испратил во Цариград да го продолжи своето образование во

императорското Магнаурско училиште, каде, освен богословските науки, се изучувале и граматика, аритметика, географија, астрономија, музика, поезија, реторика. Покрај овие науки, Константин учел и јазици - латински, еврејски и сириски. Откако го завршил своето високо образование, Константин бил назначен за библиотекар при црквата Света Софија, а потоа бил поставен за професор по филозофија во училиштето што го завршил. Тогаш го добил и името Константин Филозоф.

Што се однесува до Методиј, постојат мошне оскудни извори, според кои тој се здобил со световно образование и се посветил на државната и воена служба. Бил надарен со христијански добродетелен живот и државнички и воени способности. Подолго време управувал со брегалничката област и придонесол христијанството длабоко да се всади во македонската душа во тој дел на Македонија. За овој успех бил особено заслужен и неговиот брат Константин.

Мисионерската дејност на светите браќа меѓу Македонците, посебно возобновувањето и применувањето на македонската азбука е забележано во житието на Свети Наум. Ова му претходело на преведувањето на светите книги на јазикот на Македонците од солунско и на мисионерското дело меѓу западните Словени во Моравија. Извесно време пред својата мисионерска дејност, светите браќа се повлекле во манастирот Полихрон на планината Олимп, каде всушност конечно се подготвиле за своето епохално мисионерско дело. Манастирското осамување го прекинале двапати кога биле испраќани од византиската власт од цариградскиот патријарх во мисии меѓу Сараците и Хазарите. Овие мисии ги извршиле со голем успех. Во Краткото житие на Константин-Кирил, напишано од неговиот ученик Климент Охридски, се вели дека Кирил открил пред Хазарскиот каган дека не потекнувал од византиски род. Дедо му бил од „хранените“ луѓе на туѓ „цар“, но побегнал во Византија.

Ростислав, кнезот на Велика Моравија, испратил молба до византискиот император Михаил III, овој да испрати, епископ и учител, кој ќе им ја објаснува на нивни јазик вистинската христијанска вера. Изборот паднал на светите браќа. Тие биле речиси подготвени и за оваа мисија, зашто голем број од светите книги веќе ги превеле на македонски јазик, кој бил разбирлив за сите Словени. Тие веќе мисионерствувале во брегалничката област и во некои други области низ Македонија, на четвртиот по ред библиски, македонски јазик. Тие избрале достојни ученици и помошници и тргнале во Моравија. Таму биле пречекани со голема радост и со големи почести. Набргу потоа отвориле училиште, во кое ги подготвувале идните свештени служители и учители за западните словенски народи. Тука наишле на голем отпор од германски свештеници и биле обвинувани за ерес. Биле принудени да појдат во Рим и да го докажат своето правоверие. Во Рим биле примени со големи почести од папата Адријан II. Тој ги одобрил македонско - словенските богослужбени книги и наредил да бидат поставени во олтарот на црквата Санта Марија Маџоре и богослужби да се вршат на македонски јазик во три римски цркви. Кирил во Рим тешко се разболел и починал на 14 февруари 869 година. Методиј епохалното мисионерско дело меѓу западните Словени го продолжува сам со помош на своите ученици, кои во Рим биле ракоположени во свештенички чин. Непријателството од германските свештеници не престанувало. Истоштен од напори и измачувања, Свети Методиј починал во Нитра, 885 година. Неговите ученици биле подложени на измачувања и прогони. Некои од нив биле распродадени како робови.

Делото на светите браќа по смртта на Свети Методиј паднало во голема криза, но благодарение на нивните најнадарени ученици - Свети Климент и Свети Наум, охридските светители и

чудотворци, учители и просветители, ползувајќи се со својот мисионерски метод, што имал за цел да им ја објави божјата вистина на новите народи, почнувајќи ја нивната културна самобитност, останал жив образец за Светата Црква и за мисионерите на сите времиња.

Светите браќа Кирил и Методиј успеале како Македонци да станат апостоли на Словените. Тие сакале да му служат на доброто на сите словенски народи и на единството на Универзалната црква. За овие и вакви свои заслуги, во своето апостолско послание "EGREGIAE VIRTULIS", папата Јован Павле II на 31 декември, 1980 година ги прогласи за сопокровители на Европа, чиј покровител е Свети Бенедикт, прогласен од папата Павле IV на 26 октомври, 1964 година.

## Енигматика

| ПОЗНАТА АКТЕРКА ▼ | | МУЗА НА АСТРОНОМИЈАТА | АТЛЕТ | ЗНАК ЗА КИСЛОРОД | ДЕЛ ОД ТРИАГОЛНИК | ПОВРАТНА ЗАМЕНКА | www.mkd-kim.si | 10 X 10 | ВИСОК ВОЕН ЧИН |  | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИД МУЗ. АПАРАТ | | | | | | | СОФИ МАРСО / РАСКАЖУВАЧИ (ЛАТ.) | | | | | | | |
| ЕПОХИ | | | | ПРИХОД ОД КАПИТАЛ / ПЕПЕЛАСТ | | | | | | | | | | |
| ЈУЖ. АМЕР. ТАНЦ | | | | | | „АОРИСТ" / БРОЈ ШТО СЕ СОБИРА | | | | | | | | |
| ПОЗНАТО АМЕРИКАНСКО АВТО РЕЛИ | | | | | | | | СОГЛАСКА / АНГ. ПИСАТЕЛ, ЧАРЛС | | | | | | |
| ГЛ. ГРАД НА УКРАИНА | | | | | СЕСТРА (НАР.) / МОДЕН ДЕМОНСТРАТОР | | | | | | | | | |
| ХОЛАНДСКИ СЛИКАР ЈАН ВАН | | | | ПАРАЗИТСКА БОЛЕСТ КАЈ ОВЦИТЕ / ДЕМУНИТИВ | | | | | | СОГЛАСКА | ПОТОНАТ ОСТРОВ ВО ДУНАВ | ИЗЛИТЕН | ОБВИВКА | ВИД ЦВЕЌЕ |
| АНА АХМАТОВА | | | ПОРЕЗ / ВИД ЕКСПЛОЗИВНО ТЕЛО | | | | | | СПОЈ, НАСЛАГА / НЕСВЕСНА СОСТОЈБА | | | | | |
| СОГЛАСКА | | ГУМЕНА ПАЛКА / ГОВОРНИЦИ | | | | | | | | МАШКО ИМЕ / ВИД ЗАЧИН | | | | |
| ТЕЖИНА, ТОВАР | | | | | | ПРОНАОЃАЧ / СЕЛО ВО РЕСЕН | | | | | | | | |
| РЕД ВО КОРАНОТ | | | | КЛИН ИСТВУД / ЈАП.МЕРКА ЗА ДОЛЖИНА | | | СРПСКИ БЕНД / СТЕПЕН НА ЧИСТОТА НА ЗЛАТОТО | | | | | ЕЗЕРО ВО ФРАНЦИЈА / ШВЕД. БИОЛОГ, КАРЛ | | |
| Св. Кирил и Методиј - Крај | ПРЕГЛЕДНО СРЕДЕН СПИСОК / БОЛКА | | | | | | | ХРОНИКА ЛЕТОПИС / СТАРИ РИМСКИ ПАРИ | | | | | ЦЕЛЗИУС / ПОВИШЕНА НОТА Е | |
| ВИД ЗЕЛЕНЧУК | | | | | | | | | НАШ АРТИСТ, ДИМЕ / ЕНИ ЛЕНОКС | | | | | |
| ВИД РОДОВСКА ЗАЕДНИЦА | | | | | ПОПУЛАЦИЈА / ГРАМ | | | | | | | | | |
| ИТАЛ. ЖЕНСКО ИМЕ | | | | ВИД МАЈМУН | | | | | | | ИСТОК (СТР.) | | | |

**М К Д „С В. К И Р И Л И М Е Т О Д И Ј“**
**К Р А Њ, С Л О В Е Н И Ј А**

**Адреса:**
Савска цеста бр.34
4000, Крањ
Словенија

**Телефони:**
+386 (0)4 2369 588
+386 (0)4 2369 589
+ 386 (0)41 258 098

**Интернет страни:**
www.mkd-kim.si
www.mkc-kranj.si

**E-mail:**
mkd.kranj@gmail.com

Македонското културно друштво *Св. Кирил и Методиј* е формирано 1992 година во Крањ. Од пред неколку години работи и Македонскиот Културен Центар во Крањ. Минатата година МКД *Св.Кирил и Методиј* одбележа 15 години успешно работење. Канцелариите на МКД *Св. Кирил и Методиј* и Македонскиот Културен Центар се наоѓаат во дел од просториите на поранешен *Интекс* во Крањ.

Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciralo Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije

## Спонзори и донатори

**Спонзори:**

Iskratel d.o.o.
Avtoprevozništvo Rade Stoilov s.p.
Savatech d.o.o.
Zebra d.o.o. Kranj
Maktrans d.o.o. Ljubljana
Novateks d.o.o. Ljubljana
Vinojug d.o.o. Šenčur
Avto šola Expert s.p. Kranj

**Донатори:**

Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije
Mestna občina Kranj
Tabakum import export d.o.o.
Sava d.d.